# УПАТСТВО ЗА НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ ЗА УВОЗНИ, ИЗВОЗНИ И ТРАНЗИТНИ ДОЗВОЛИ ОПФАТЕНИ ВО EXIM

Заради олеснување на административната постапка и зголемување на квалитетот на услугите на EXIM, воведена е можност за евиденција и следење на начинот на плаќање на административнитетакси на дозволите опфатени во системот. Доколку економскиот оператор при електронско поднесување на барањето за дозвола го избере и доследно го користи начинот на плаќање опишан во точката 2 од ова Упатство, EXIM системот на надлежните органи им овозможува електронски увид во извршената уплата. Овој начин на уплата создава услови за безхартиена околина и забрзување на постапките за издавање на дозволите таму каде што тоа е практично и изводливо.

Ова упатство се однесува само на давачките дефинирани како административни такси, согласно закон. Начинот на плаќањето и увидот во извршените уплати на други надоместоци кои органите ги наплаќаат во постапките за издавање на дозволи за увоз, извоз и транзит, се врши согласно закон и условите определени од надлежните органи.

## 1. Правен основ

***Закон за административните такси*** („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93,20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10 и 117/110 со кој се предвидува плаќањето на административна такса за поднесоци и решенија во електронска форма, независно од износот, да биде во готови пари (вирмански), при што плаќањето може да се врши во кој било момент до издавањето на решението; и

***Правилник за дополнување на правилникот за класификација на приходите и Упатство за дополнување на упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи*** („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/08) со кој се врши класификација на приходите и начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи.

За потребите на EXIM системот овозможено е административната такса за поднесоците (барањата) кои се поднесуваат во електронски облик да се плаќа во готови пари исклучиво на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка согласно Законот за изменување и дополнување на законот за

административните такси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08)

За таа цел оизвршени се измени и дополнувања на Правилникот за класификација на приходите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/08), за отварање на посебна сметка за административни такси за увозни, извозни и транзитни дозволи, која е заедничка за сите партиципирачки владини институции, кои наплаќаат административни такси, каде согласно членот 2 е предвидено:

> „Во поткатегоријата 72 – Неданочни приходи, ставка 722 – Такси и надоместоци, во аналитиката ставка 7223 – Административни такси, додадена е нова потставка 722322 која гласи: „722322 Административни такси за увоз, извоз и транзит на стока“.

Исто така, согласно дополнувањето на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/08), во шифрарникот на уплатни сметки за јавни приходи, во делот 1, Приходи на Републиката и единиците на локалната самоуправна, во точката 5. Такси, во потточката 5.1. Административни такси, по уплатната под реден број 7 се додава нова уплатна сметка под реден број 8 која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | 840-03413 | Административна такса за увоз, извоз и транзит на стока | 722322 |

Со ова е воспоставена потсметка на уплатната сметка 840***03413, за потребите на овој едношалтерски систем.

**2. Начин на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50 при поднесување на електронско барање за дозвола**

Во овој случат кога барањето за издавање дозвола, барателот го поднесува во лекетронски облик преку едношалтерскиот систем EXIM, а по добивање на единствениот референтен број под кој се регистира барањето во системот, налогот за јавни приходи образецот ПП 50 за уплата на административна такса се пополнува на следниот начин:

Во рубриката:
- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЗАДОЛЖИТЕЛНО се пополнува единствениот референтен број под кој се регистира барањето во едношалтерскиот систем EXIM, кој се добива автоматски од системот и тоа:

Референтен број (кој се состои од 18 цифри) и содржи:

- на првите четири места шифра на потврдите, уверенијата, согласностите, дозволите, решенијата, одобренијата,
- од петтото до дванаесеттото место е ГГГ/мм/дд (година, месец, ден), и
- од тринаесеттото до осумнаесеттото место е за еднозначен реден број на потврдата, уверението, согласноста, дозволата, решенијата, одобрението (пример: 100820081031000156).

Во рубриката:
- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:

ЗАДОЛЖИТЕЛНО се пополнува ЕДИНСТВЕНИОТ ДАНОЧЕН БРОЈ (ЕДБ) НА КОРИСНИКОТ НА ДОЗВОЛАТА (Без оглед на тоа кој е налогодвач за уплата на административната такса).

Во рубриката:
- ИЗНОС
Се пополнува вкупниот износ на име административната такса, кој го сочинуваат: 1) износот на уплатата по основ на барањето за издавање дозвола и/или 2) износот на уплатата по основ на издавање на решение, односно дозвола.

*Примерок на начинот на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50 при поднесување на електронско барање за дозвола*



НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Дозвола за извоз или увоз/режим Д2

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
БУЏЕТ НА РМ

БАНКА НА ПРИМАЧ
НАРОДНА БАНКА НА РМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095

ИЗНОС
МКД 600,00

УПЛАТНА СМЕТКА
840 XXX 03413

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
722322 00

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

**НАПОМЕНА: За секое барање за дозвола, барателот врши посебна уплата (на посебен налог). Економскиот оператор ќе биде должен да му достави на органот доказ за извршена уплата на административна такса (презентиран на хартија), иако барањето го поднел во електронски облик, доколку по извршената проверка во системот органот констатира дека начинот на кој уплатата е извршена не е во согласност со овие упатства, односно не може да се утврди дали е извршена уплатата** (согласно член 17 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/11).

**3. Начин на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50 при поднесување на барање за дозвола во хартиен облик**

Во случај кога барањето за издавање на дозвола се поднесува во хартиен облик, што значи дека барателот не го користи и нема добиено референтен број од едношалтерскиот систем EXIM, налогот за јавни приходи образецот ПП 50 за уплата на административна такса се пополнува на следниот начин:

Рубриката:
- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЗАДОЛЖИТЕЛНО се пополнува шифрата на лиценцата и шифрата на органот (институцијата која е одговорна за нејзино издавање) (пр. 1032 МВР)

Во Рубриката:
- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

ЗАДОЛЖИТЕЛНО се пополнува ЕДИНСТВЕНИОТ ДАНОЧЕН БРОЈ (ЕДБ) НА КОРИСНИКОТ НА ДОЗВОЛАТА. (Без оглед на тоа кој е налогодвач за уплата на административната такса).

Во Рубриката:
- ИЗНОС

Се пополнува вкупниот износ на име административната такса, кој го сочинуваат: 1) износот на уплатата по основ на барањето за издавање дозвола и/или 2) износот на уплатата по основ на издавање на решение, односно дозвола.

*Примерок на начинот на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50 при поднесување на барање за дозвола во хартиен облик.*



НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Дозвола за извоз или увоз/режим Д2

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ
БУЏЕТ НА РМ

БАНКА НА ПРИМАЧ
НАРОДНА БАНКА НА РМ

ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
100000000063095

ИЗНОС
МКД 600,00

УПЛАТНА СМЕТКА
840 XXX 03413

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
722322 00

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

**НАПОМЕНА: За секое барање за дозвола, барателот врши посебна уплата (на посебен налог). Економскиот оператор е должен да му достави на органот доказ за извршена уплата на административна такса (презентиран**

**на хартија),** согласно член 17 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/11).

4. Начин на пополнување на другите податоци во налогот за јавни приходи образецот ПП 50

Следниве податоци не се менуваат и се однесуваат на двата начина на пополнување на налогот за јавни приходи образецот ПП 50

- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ – БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- БАНКА НА ПРИМАЧОТ – НАРОДНА БАНКА НА РМ
- СМЕТКА – единствена трезорска сметка 100000000063095
- УПЛАТНА СМЕТКА – 840 XXX 03413 (се внесува ознаката на општината согласно списокот објавен со Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи) на пр. За регион 179 (општина Карпош) – 84017903413
- ПРИХОДНА ШИФРА 722322
- ДАТУМОТ НА ВАЛУТАТА И ДАТАУМОТ НА УПЛАТАТА треба да бидат идентични
- НАЧИН – пр. За да може уплатувачот веднаш да ја користи уплатата потребно е да биде пополнето со 1. т.е. уплатата веднаш ќе биде реализирана од банка, или 2 т.е. уплатата ќе биде реализирана со датумот на валутата.

НАПОМЕНА: Овој начин на наплата на административната такса се применува за сите уплати на име административни такси за дозволите опфатени во EXIM, објавени на веб локацијата www.exim.gov.mk. Уплатите се вршат ИСКЛУЧИВО на наведената сметка без оглед на начинот на кој (електронски или хартиен) се поднесува барањето за дозвола до надлежниот орган и без оглед на начинот на кој се врши поднесувањето на налогот (пр. На шалтер или преку е-банкарство).